# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 18 јануари 1991
Скопје
Број 3 Год. XLVII

Акontацијата за 1991 година изнесува 700 динари. Овој број чини 16 динари. Жиро сметка 40100-603-12498


**26.**

Врз основа на ставот 10 на точка 2 од Амандманот LXXIV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 8 јануари 1991 година, донесе

## ПРИВРЕМЕН ДЕЛОВНИК
### НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој деловник привремено, до донесувањето на новиот деловник на Собранието на Социјалистичка Република Македонија (Собранието), се уредуваат определени прашања во врска со конституирањето и работата на Собранието и на одделни негови работни тела.

Покрај одредбите на Привремениот деловник, до донесувањето на новиот деловник, се применуваат и одредбите на Деловникот на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 16/86, 51/88 и 46/89), доколку се во согласност со Уставот на Социјалистичка Република Македонија, со закон и со овој привремен деловник.

### I. СВИКУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО СЕДНИЦИТЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ

Член 2

Првата седница на новоизбраното Собрание ја свикува претседателот на Собранието од претходниот состав на Собранието.

До изборот на нов претседател, на седницата претседава најстариот по години пратеник.

Член 3

Седниците на Собранието ги свикува и на нив претседава претседателот на Собранието.

Поканата за свикување на седницата им се доставува на пратениците најдоцна 15 дена пред денот определен за одржување на седницата.

Со поканата на пратениците им се доставуваат предлогот на дневниот ред и материјалите и предлозите на актите што се предлагаат за разгледување на седницата.

Предлозите за избори и именувања што се вршат при конституирањето на новоизбраното Собрание можат да се поднесуваат во пократок рок од рокот определен во став 2 на овој член.

Член 4

Материјалите и предлозите на акти за седниците се доставуваат до сите пратеници, до Владата на Социјалистичка Република Македонија, ако таа не е предлагач и до претседателот на Социјалистичка Република Македонија.

### II. ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ПРАТЕНИЦИТЕ

Член 5

Верификацијата на мандатот на новоизбраните пратеници Собранието ја врши на првата седница на новото свикување на Собранието, по предлог од Верификационата комисија.

Член 6

Со верификацијата на мандатот на Собранието, пратениците ги стекнуваат своите права и должности утврдени со Устав, закон и деловник.

Член 7

Верификационата комисија ја избира Собранието на својата прва седница по предлог од претседавачот.

Верификационата комисија се состои од претседател и четири члена.

Член 8

Верификационата комисија го разгледува Извештајот и другите изборни акти на Републичката изборна комисија, како и евентуално примените жалби на изборот на одделни пратеници, ја испитува правилноста на изборот и на Собранието му поднесува свој извештај со предлог.

Извештајот на Верификационата комисија им се доставува на сите пратеници во Собранието.

Член 9

Собранието го претресува Извештајот на Верификационата комисија во целина.

По претресот, гласањето, односно одлучувањето по Извештајот и предлогот се врши во целина, ако нема оспорени мандати на одделни пратеници од страна на Верификационата комисија.

Ако Верификационата комисија ја оспори исправноста на издаденото уверение за изборот на одделен пратеник и предложи верификацијата на мандатот да се одложи, за секој таков предлог Собранието гласа одделно.

Член 10

Собранието може да го одложи донесувањето на одлуката за верификација на одделен мандат и да заклучи Републичката изборна комисија претходно да ги изврши потребните согледувања заради проверка на правилноста на изборот и исправноста на издаденото уверение за избор на пратеници. Одлагањето на донесувањето на одлуката за верификација на одделни мандати не може да биде подолго од два месеци.

Член 11

Пратеникот чиј мандат е оспорен или одлуката за верификација на неговиот мандат е одложена, има право да присуствува на седниците на Собранието и да учествува во работата на тие седници, без право на одлучување.

### III. ИЗБОР НА КОМИСИЈА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА НА СОБРАНИЕТО

Член 12

Новоизбраното Собрание на првата седница, по предлог од најмалку десет пратеници, избира Комисија за прашања на изборите и именувањата, која ја сочинуваат претседател и дванаесет членови.

Во Комисијата се обезбедува соодветна застапеност на пратениците од политичките организации и на други облици на организирање и здружување.

## IV. НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ НА СОБРАНИЕТО

Член 13

Работите од својата надлежност Собранието ги врши на седници.

Собранието одлучува со мнозинство гласови на седница на која се присутни повеќе од половината од сите пратеници во Собранието, доколку со Уставот на СРМ не е предвидено посебно мнозинство.

Член 14

Гласањето на седниците на Собранието е јавно, освен ако со Уставот на СРМ или со овој деловник не е определено гласањето да се врши тајно.

Гласањето ќе се изврши тајно и ако, по предлог на претседателот на Собранието или на еден пратеник така се одлучи на седницата.

Со тајното гласање раководи претседателот на Собранието на кого му помагаат тројца пратеници кои ќе ги избере Собранието на самата седница по предлог на претседателот на Собранието.

Во постапката на гласањето на претседателот му помага и секретарот на Собранието.

Член 15

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

Гласачките ливчиња мора да бидат во еднаква големина и со иста боја. На секое гласачко ливче се става печат на Собранието.

Член 16

Секој пратеник добива по едно гласачко ливче.

Откако ќе утврди дека сите присутни пратеници добиле гласачко ливче, претседателот на Собранието ќе ги даде потребните објаснувања за начинот на гласањето и ќе го определи времето потребно за пополнување на гласачките ливчиња.

По истекот на определеното време, претседателот ги повикува пратениците да ги предадат гласачките ливчиња.

Член 17

Пратеникот лично го спушта гласачкото ливче во една од поставените гласачки кутии.

Кај секоја гласачка кутија при гласањето присуствува по еден од пратениците кои се избрани на седницата за да му помагаат на претседателот во спроведувањето на изборите.

Член 18

Во гласачкото ливче за избор, односно именување на носители на функции се наведуваат функцијата за која се врши изборот, односно именувањето, имињата на кандидатите поединечно, односно кандидатските листи со имињата на кандидатите од секоја листа, според азбучниот ред на нивните презимиња.

Пред името на секој кандидат, односно пред секоја кандидатска листа, се става реден број.

Член 19

По завршувањето на гласањето, претседателот ги соопштува резултатите од гласањето.

Ако гласањето за избор било тајно, претседателот ќе ги објави резултатите од гласањето и ќе соопшти колку вкупно пратеници гласале, колку гласале за секој кандидат и колку има неважечки гласачки ливчиња.

## V. ПРЕДЛАГАЊЕ И ИЗБОР, ОДНОСНО ИМЕНУВАЊЕ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ОДДЕЛНИ ФУНКЦИИ

Член 20

Изборот, односно именувањето на носителите на функции се врши на начин утврден со Уставот на СРМ, со закон или со овој деловник.

### 1. Избор на претседател и потпретседатели на Собранието

Член 21

Собранието избира претседател и еден или повеќе потпретседатели на Собранието од редот на пратениците, за време од четири години.

Бројот на потпретседателите го утврдува Собранието по предлог од претседателот на Собранието.

Член 22

Кандидат за претседател на Собранието предлага Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Кандидат за претседател можат да предложат и најмалку дваесет пратеници.

Ист пратеник може да биде предлагач само на еден кандидат за претседател на Собранието.

Член 23

Претседател на Собранието се избира со јавно гласање.

Изборот од став 1 може да биде со тајно гласање ако така се одлучи на седницата на Собранието.

Член 24

Предлозите на кандидати за претседател на новоизбраното Собрание се поднесуваат на седницата на Собранието.

Предлозите на кандидатите за претседател на Собранието содржат име и презиме на кандидатот, имињата и презимињата на пратениците кои го поднесуваат предлогот и нивните своерачни потписи.

Член 25

Редоследот на кандидатите за претседател на Собранието се утврдува според азбучниот ред на нивните презимиња.

Член 26

Со спроведувањето на изборот на претседател на новоизбраното Собрание на првата седница на Собранието раководи најстариот по години пратеник, кому во тоа му помагаат тројца пратеници, кои ќе ги определи Собранието по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Во постапката на гласањето на претседавачот му помага и секретарот на Собранието.

Член 27

За претседател на Собранието е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од сите пратеници во Собранието.

Ако на првото гласање ниту еден од кандидатите за претседател на Собранието не го добие потребното мнозинство гласови на пратениците, гласањето се повторува.

Ако за претседател на Собранието се предложени тројца или повеќе кандидати, гласањето се повторува за двајцата кандидати кои добиле најголем број гласови на првото гласање.

Доколку меѓу кандидатите со најголем број гласови има кандидати со ист број гласови, гласањето се повторува за сите кандидати, со најголем број гласови.

Ако и на повторното гласање ниту еден од кандидатите за претседател на Собранието не го добие потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка.

Член 28

Одредбите на овој деловник што се однесуваат на изборот на претседателот на Собранието се применуваат и на изборот на потпретседателите на Собранието.

### 2. Избор на претседател на Социјалистичка Република Македонија и потпретседател на Претседателот на Социјалистичка Република Македонија

Член 29

Собранието избира претседател на Социјалистичка Република Македонија (претседател на Републиката) со двотретинско мнозинство гласови на сите пратеници во Собранието, со тајно гласање.

Кандидат за претседател на Републиката можат да предложат најмалку дваесет пратеници во Собранието.

Изборот на претседателот на Републиката се врши според постапка утврдена со закон.

За спроведување на гласањето за избор на претседател на Републиката, Собранието, по предлог од претседателот на Собранието, образува Комисија за гласање од пет члена од редот на пратениците.

Член 30

Собранието, по предлог од претседателот на Републиката, избира потпретседател на претседателот на Републиката.

Потпретседателот на претседателот на Републиката се избира на начин и според постапка утврдена со закон.

**3. Избор на Влада на Социјалистичка Република Македонија**

Член 31

Кандидатот за претседател на Владата на Социјалистичка Република Македонија (Владата) го предлага претседателот на Републиката.

Предлогот на кандидатот за претседател на Владата, претседателот на Републиката го поднесува до претседателот на Собранието во рок од седум дена од неговиот избор.

Претседателот на Собранието предлогот за кандидат за претседател на Владата го доставува до пратениците.

Претседателот на Републиката може на седницата на Собранието на која се врши избор на Владата да го образложи предлогот за кандидат за претседател на Владата.

Член 32

Владата ја избира Собранието на предлог на кандидатот за претседател на Владата, со мнозинство гласови на сите пратеници.

Кандидатот за претседател на Владата предлага состав на Владата, најдоцна во рок од десет дена од добивањето на мандатот.

Ако во рокот утврден во став 2 на овој член кандидатот за претседател на Владата не успее да предложи Влада или ако го врати мандатот, постапката за предлагање на кандидат за претседател на Владата се повторува.

Член 33

Кандидатот за претседател на Влада предлогот за избор на Влада го поднесува до претседателот на Собранието во писмена форма и тој мора да биде образложен.

Предлогот од став 1 на овој член содржи претседател на Владата, потпретседатели на Владата, министри кои ќе раководат со министерствата и други членови на Владата.

Кандидатот за претседател на Владата го образложува предлогот за состав на Владата на седницата на Собранието на која се врши избор на Владата.

Член 34

Гласањето за избор на Владата е јавно.

Член 35

Гласањето за избор на Владата се врши по предлогот за состав на Владата во целина.

Член 36

Ако при изборот на Владата не се добие потребното мнозинство од став 1 на член 32 на овој деловник, се повторува целата изборна постапка.

Член 37

Претседателот на Собранието го известува претседателот на Републиката за изборот на Владата.

**4. Избор на Делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија**

Член 38

Собранието ја избира Делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од редот на пратениците во Собранието, со тајно гласање, со мнозинство гласови на сите пратеници.

Член 39

Изборот на Делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се врши според постапка утврдена со закон.

VI ДАВАЊЕ СВЕЧЕНА ИЗЈАВА

Член 40

Претседателот на Републиката, претседателот на Собранието, претседателот на Владата и другите функционери кои ги избира и именува Собранието на СРМ при стапувањето на должност даваат свечена изјава која гласи:

„Изјавувам дека функцијата (да се наведе функцијата на која е избран, односно именуван) ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија".

VII. ПРАТЕНИЦИ НА ПОСТОЈАНА РАБОТА ВО СОБРАНИЕТО

Член 41

На постојана работа во Собранието се пратениците кои ги вршат следниве функции:

— претседател и потпретседатели на Собранието;

— други пратеници кои ќе ги определи Собранието на предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата; и

— членови на Делегацијата на Собранието во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

VIII. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ПРИВРЕМЕНИОТ ДЕЛОВНИК

Член 42

Овој привремен деловник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 08-66/1
8 јануари 1991 година
Скопје

Претседавач
на Првата седница на новоизбраното
Собрание на СРМ,
**Никола Стојановски,** с. р.

---

**27.**

Врз основа на член 364 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 14 од Привремениот деловник на Собранието на СРМ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 8 јануари 1991 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Комисијата за прашања на изборите и именувањата се состои од претседател и дванаесет членови.

2. Во Комисијата за прашања на изборите и именувањата се избираат:

а) за претседател:

Никола Крстевски, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство;

б) За членови:

1. Коле Луловски, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство,
2. Доста Димовска, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство,
3. Ѓорѓи Котевски, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство,
4. Љубомир Поповски, СКМ — Партија за демократска преобразба,
5. Александар Гештаковски, СКМ — Партија за демократска преобразба,
6. Васил Зимбаков, СКМ — Партија за демократска преобразба,
7. Мерсим Положани, Партија за демократски просперитет во Македонија,
8. Неим Салмани, Партија за демократски просперитет во Македонија,
9. Зоран Крстевски, Сојуз на реформските сили на Македонија,
10. Санде Давчев, Сојуз на реформските сили на Македонија,
11. Љубисав Иванов, Социјалистичка партија на Македонија, и
12. Димитар Трпеноски, независен кандидат.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-65/1
8 јануари 1991 година
Скопје

Претседавач
на Првата седница на
Собранието на СРМ,
**Никола Стојановски**, с. р.

**28.**

Врз основа на член 352 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и Амандман LXXIV точка 4 став 1 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 8 јануари 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Стојан Андов, пратеник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-73/1
8 јануари 1991 година
Скопје

Претседавач
на Првата седница на
Собранието на СРМ,
**Никола Стојановски**, с. р.

**29.**

Врз основа на член 362 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 11 јануари 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА БРОЈОТ И СОСТАВОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА УСТАВНИ ПРАШАЊА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

1. Комисијата за уставни прашања на Собранието на СРМ има претседател и 28 членови.

Претседателот и 17 членови се избираат од редот на пратениците на Собранието на СРМ, а 11 членови се избираат од редот на научните и стручните работници од областа на правото.

2. Од редот на пратениците се избираат:

За претседател:

Стојан Андов;

За членови:

1. Драги Арсов, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство,
2. Томислав Стојановски, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство,
3. Томе Стефковски, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство,
4. Ацо Спировски, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство,
5. Драги Гроздановски, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство,
6. Петар Гошев, СКМ — Партија за демократска преобразба,
7. Тито Петковски, СКМ — Партија за демократска преобразба,
8. Наќе Стојановски, СКМ — Партија за демократска преобразба,
9. Славјанка Стојанова, СКМ — Партија за демократска преобразба,
10. Абдурахман Халити, — Партија за демократски просперитет во Македонија,
11. Насер Зибери, — Партија за демократски просперитет во Македонија,
12. Зуди Емини, — Партија за демократски просперитет во Македонија,
13. Зоран Крстевски, — Сојуз на реформските сили на Македонија — Млада демократска прогресивна странка во Македонија,
14. Панче Насев, — Сојуз на реформските сили на Македонија — Млада демократска прогресивна странка во Македонија,
15. Киро Поповски, — Социјалистичка партија на Македонија,
16. Ристо Стаменов, — Странка на југословени,
17. Евтим Манев, — Независен пратеник.

Членовите на Комисијата од редот на научните и стручните работници од областа на правото ќе бидат дополнително избрани.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-91/1
11 јануари 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Стојан Андов**, с. р.

**30.**

Врз основа на член 300 став 2 од Уставот на СР Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 11 јануари 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАМЕНА НА ПРИХОДИТЕ НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ОСТВАРЕНИ ПО ОСНОВ НА КАМАТИ НА КРЕДИТИ ОД ПРИМАРНА ЕМИСИЈА

Член 1

Се задолжува Народната банка на Македонија да не го пренесува на Народната банка на Југославија неуплатениот дел на приходите остварени од камати на кредитите од примарната емисија за 1990 година, како и приходите што ќе се остварат по истиот основ за 1991 година.

Член 2

Намената и условите за користење на средствата од член 1 на оваа одлука во текот на годината, ќе се утврдуваат со одлука на Владата на СР Македонија, а нивната конечна распределба ќе ја утврди Собранието на СР Македонија, со потврдување на завршните сметки на Народната банка на Македонија за 1990 и 1991 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 25 јануари 1991 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-92/1
11 јануари 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Стојан Андов**, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**31.**

Врз основа на член 15 став 2 точка 3 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, Републичката изборна комисија ги објавува резултатите на гласањето за избор на пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Врз основа на член 54 став 1 и 5 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, за пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избрани:

Во изборната единица број 1 — општина Берово е избран Благој Хаџиски со 6.579 или 53,4% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 12 — општина Валандово е избран Петар Гошев со 5.847 или 77,03% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 19 — општина Гостивар е избран Неџати Џафери — со 6.740 или 70,08% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 24 — општина Делчево е избран Симеон Ивановски со 3.282 или 51,47% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 26 — општина Кавадарци е избран Стојан Андов со 7.386 или 69,90% гласови Сојуз на реформските сили.

Во изборната единица број 35 — општина Кратово е избран Љубосав Иванов со 6.084 или 83,67% гласови, Социјалистичка партија на Македонија.

Во изборната единица број 37 — општина Крива Паланка е избран Стојмир Цветковски со 2.469 или 51,64% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 44 — општина Куманово е избран Хисни Шакири со 9.553 или 87,04% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 59 — општина Пробиштип е избран Душан Николовски со 4.334 или 51,02% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 78 — општина Тетово е избран Абдураман Халити со 11.627 или 82,20% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија и Народна демократска партија.

Во изборната единица број 79 — општина Тетово е избран Веби Џемаили со 10.377 или 90,22% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија и Народна демократска партија.

Во изборна единица број 80 — општина Тетово е избран Хамид Алиу со 14.084 или 95,52% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија и Народна демократска партија.

Во изборната единица број 81 — општина Тетово е избран Џеладин Мурати со 14.032 или 94.82% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија и Народна демократска партија.

Во изборната единица број 16 — општина Гостивар е избран Неим Салмани со 5.926 или 52,97% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 20 — општина Гостивар е избран Зуди Емини со 10.182 или 79,80% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 21 — општина Гостивар е избран Сефедин Харуни со 8.504 или 96,31% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 22 — општина Дебар е избран Газменд Ајдарага со 6.988 или 59,31% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 31 — општина Кичево е избран Оломан Сулејмани со 9.717 или 93,22% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 66 — општина Струга — е избран Мерсим Положани со 10.406 или 85,70% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 73 — општина Тетово е избран Авди Муртезани со 8.128 или 65,78% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 101 — општина Карпош е избран Агим Фазлиу со 4.899 или 50,42% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 102 — општина Карпош е избран Насер Зибери со 8.438 или 83,66% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 109 — општина Кисела Вода е избран Наиф Мустафа со 6.837 или 58,05% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 115 — општина Центар е избран Шабан Превала со 8.288 или 73,41% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 2 — општина Битола е избран Петар Темелковски со 3.144 или 40,99% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 3 — општина Битола е избран Јаким Ивановски со 2.522 или 37,85% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија и Млада демократска прогресивна странка.

Во изборната единица број 4 — општина Битола е избран Драги Гроздановски со 2.425 или 35,68% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 5 — општина Битола е избран Димитар Димитровски со 3,317 или 44,07% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија и Млада демократска прогресивна странка.

Во изборната единица број 7 — општина Битола е избран Благој Тошев со 4.799 или 34,79% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 9 — општина Битола е избран Горги Котевски со 2.083 или 34,62% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 10 — општина Битола е избран Флоре Масалковски со 2.393 или 46,22% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 11 — општина Македонски Брод е избран Бранко Блажески со 2.296 или 33,68% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 13 — општина Виница е избран Јован Манчевски со 3.586 или 35,00% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија.

Во изборната единица број 15 — општина Гевгелија е избран Ристо Станковски со 4.409 или 46,82% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 23 — општина Делчево е избран Страшо Милковски со 3.955 или 51,85% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 25 — општина Демир Хисар е избран Наќе Стојановски со 2.606 или 38,75% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 27 — општина Кавадарци е избран Петар Ѓорѓиев со 4.056 или 57,87% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија.

Во изборната единица број 28 — општина Кавадарци е избран Панчо Минов со 2.220 или 39,98% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија.

Во изборната единица број 30 — општина Кичево е избран Вецко Личоски со 3.434 или 49,86% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 32 — општина Кочани е избран Иван Иванов со 4.955 или 36,95% гласови, Социјалистичка партија на Македонија, Сојуз на реформските сили на Македонија и Млада демократска прогресивна странка.

Во изборната единица бр. 33 — општина Кочани е избран Јордан Зафиров со 2.132 или 30,66% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 34 — општина Кочани е избран Тодосија Паунов со 1.883 или 31,04% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија и Млада демократска прогресивна странка.

Во изборната единица број 36 — општина Крива Паланка е избран Душко Арсовски со 3.974 или 51,41% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 38 — општина Крушево е избран Марин Миленкоски со 3.208 или 44,95% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 42 — општина Куманово е избрана Биљана Лазаревска со 2.429 или 26,62% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 45 — општина Куманово е избран Владимир Митевски со 5.385 или 56,15% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 46 — општина Куманово е избран Бранко Арсовски со 3.748 или 30,38% гласови, Социјалистичка партија на Македонија,

Во изборната единица број 47 — општина Неготино е избран Тодор Димов со 4.095 или 35,81% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија.

Во изборнатза единица број 49 — општина Охрид е избран Томислав Пецаков со 4.250 или 39,94% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 51 — општина Охрид е избран Ацо Спироски со 2.027 или 26,82% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 52 — општина Прилеп е избран Благоја Чкатроски со 4.132 или 41,80% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 53 — општина Прилеп е избран Никола Апостолоски со 3.883 или 42,30% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 54 — општина Прилеп е избран Петре Трајкоски со 2.704 или 40,49% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 55 — општина Прилеп е избран Симон Наумоски со 1.797 или 34,76% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија.

Во изборната единица број 56 — општина Прилеп е избран Цветан Јовчески со 2.517 или 33,78% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 57 — општина Прилеп е избран Алил Џафероски со 3.040 или 44,71% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 58 — општина Прилеп е избран Борис Ѓорчески со 2.350 или 36,13% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 62 — општина Ресен е избран Александар Гештаковски со 2.855 или 39,19% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 63 — општина Ресен е избран Гоце Андоновски со 1.783 или 43,79% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 64 — општина Свети Николе е избрана Славјанка Стојанова со 3.535 или 28,72% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 65 — општина Струга е избран Стојан Ковачески со 5.719 или 44,56% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 69 — општина Струмица е избран Туше Гошев со 3.416 или 35,96% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 71 — општина Струмица е избран Васил Зимбаков со 3.358 или 36,81% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 75 — општина Тетово е избран Кирил Ковачевски со 4.237 или 49,57% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 77 — општина Тетово е избран Душко Ѓорѓески со 3.483 или 41,37% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 82 — општина Титов Велес е избран Ташко Киров со 3.942 или 35,66% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 83 — општина Титов Велес е избран Никола Стојановски со 3.198 или 38,11% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 86 — општина Штип е избран Панче Насев со 4.176 или 38,72% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија и Млада демократска прогресивна странка.

Во изборната единица број 87 — општина Штип е избран Санде Давчев со 3.500 или 41,37% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија и Млада демократска прогресивна странка.

Во изборната единица број 88 — општина Штип е избран Тодор Гајдарџиски со 3.417 или 38,56% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 89 — општина Гази Баба е избран Љупчо Јакимовски со 5.622 или 51,41% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 90 — општина Гази Баба е избран Аслан Селмани со 4.250 или 36,93% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 91 — општина Гази Баба е избран Драги Арсов со 3.677 или 45,06% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 92 — општина Гази Баба е избран Стоиле Стојков со 4.154 или 45,79% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 93 — општина Гази Баба е избран Исмет Рамадани со 5.215 или 47,39% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 94 — општина Гази Баба е избран Горан Зафировски со 4.167 или 48,79% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 95 — општина Карпош е избран Зоран Крстевски со 4.259 или 40,93% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија.

Во изборната единица број 96 — општина Карпош е избран Богдан Неделковски со 3.001 или 34,62% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 97 — општина Карпош е избран Славе Наумовски со 3.295 или 35,71% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија.

Во изборната единица број 98 — општина Карпош е избран Михаил Пановски со 3.380 или 36,80% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 99 — општина Карпош е избран Ристо Јованов со 3.007 или 32,36% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 100 — општина Карпош е избран Јордан Бошков со 4.099 или 44,00% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 103 — општина Кисела Вода е избран Никола Крстески со 3.600 или 34,49% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 104 — општина Кисела Вода е избран Димитар Поповски со 3.852 или 37,18% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија.

Во изборната единица број 105 — општина Кисела Вода е избран Коле Луловски со 4.210 или 34,89% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 106 — општина Кисела Вода е избран Борис Змејковски со 5.289 или 55,39% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 107 — општина Кисела Вода е избрана Доста Димовска со 3.959 или 36,30% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 108 — општина Кисела Вода е избран Томислав Стефковски со 4.391 или 46,54% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 110 — општина Кисела Вода е избрана Ратка Димитрова со 5.107 или 46,97% гласови, ВМРО —Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 113 — општина Центар е избран Тито Петковски со 3.552 или 36,54% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 114 — општина Центар е избран Киро Поповски со 5.016 или 48,02% гласови, Социјалистичка партија на Македонија.

Во изборната единица број 116 — општина Чаир е избран Митко Анастасовски со 4.342 или 43,13% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 120 — општина Чаир е избран Божо Рајчевски со 3.704 или 38,34% гласови, Социјалистичка партија на Македонија.

Во изборната единица број 6 — општина Битола е избран Наум Симјановски со 1.874 или 30,04% гласови. Сојуз на реформските сили на Македонија и Млада демократска прогресивна странка.

Во изборната единица број 8 — општина Битола е избран Трајан Мицевски со 2.249 или 35,11% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 14 — општина Гевгелија е избран Тодор Петров со 3.797 или 43,63% гласови, Независен кандидат.

Во изборната единица број 17 — општина Гостивар е избран Џелил Таири со 4.394 или 52,68% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 18 — општина Гостивар е избран Ферид Садику со 2.639 или 41,62% гласови, Народна демократска партија.

Во изборната единица број 29 — општина Кичево е избран Гоце Темелкоски со 5.298 или 54,00% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 39 — општина Куманово е избран Ѓорѓи Бојковски со 2.684 или 29,45% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 40 — општина Куманово е избрана Ѓулистана Јумеровска со 2.363 или 29,79% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија.

Во изборната единица број 48 — општина Охрид е избран Ламбе Арнаудов со 3.480 или 40,62% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 50 — општина Охрид е избран Владимир Голубовски со 4.087 или 54,89% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 60 — општина Радовиш е избран Тиме Андонов со 2.006 или 34,30% гласови, Сојуз на реформските сили на Македонија.

Во изборната единица број 61 — општина Радовиш е избран Ефтим Манев со 1847 или 27,30% гласови, Независен кандидат.

Во изборната единица број 67 — општина Струга е избран Димитар Трпеноски со 3.021 или 38,28% гласови, Независен кандидат.

Во изборната единица број 68 — општина Струмица е избран Ванчо Младенов со 3.717 или 34,67% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 70 — општина Струмица е избран Ристо Стаменов со 2.742 или 35,41% гласови, Странка на Југословените во СРМ.

Во изборната единица број 74 — општина Тетово е избран Мухамед Халили со 4.294 или 50,39% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија и Народна демократска партија.

Во изборната единица број 84 — општина Титов Велес е избран Зоран Китев со 3.277 или 31,74% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 85 — општина Титов Велес, е избран Јован Николов со 2.634 или 29,89% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 111 — општина Центар е избран Бранко Црвенковски со 3.471 или 38,98% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 112 — општина Центар е избран Љубомир Поповски со 3.090 или 33,74% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица број 117 — општина Чаир е избран Александар Флоровски со 2.369 или 34,87% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 118 — општина Чаир е избран Ешреф Алиу со 3.512 или 38,82% гласови, Партија за демократски просперитет во Македонија.

Во изборната единица број 119 — општина Чаир е избран Абди Фаик со 3.961 или 69,50% гласови, Социјалистичка партија на Македонија и Партија за целосна еманципација на Ромите.

Во изборната единица број 43 — општина Куманово е избран Томислав Стојановски со 1.930 или 35,3% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

Во изборната единица број 41 — општина Куманово е избран Ристо Келешовски со 3.661 или 42,07% гласови, Партија на Југословените во Македонија.

Во изборната единица број 72 — општина Струмица е избран Златанов Ванчо со 2.001 или 24,25% гласови, СКМ — Партија за демократска преобразба.

Во изборната единица 76 — општина Тетово е избран Душан Трпчевски со 3.566 или 49,42% гласови, ВМРО — Демократска партија за македонско национално единство.

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 20-40
14 јануари 1991 година
Скопје

Секретар, Георгина Мицковска, с. р.

Заменик претседател, Кочо Хаџи Лега, с. р.

Членови:

1. **Лазар Лабачевски**, с. р.
2. **Агим Мифтари**, с. р.

3. **Бахри Ислами,** с. р.
4. **Ванчо Чучевски,** с. р.
5. **Евица Димова,** с. р.
6. **Емини Митхад,** с. р.
7. **Трпе Јаневски,** с. р.
8. **Никола Глигоров,** с. р.
9. **Ефтим Таковски,** с. р.
10. **Гордана Сиљановска-Давкова,** с. р.
11. **Зејнел Беговиќ,** с. р.
12. **Зоран Петров,** с. р.

---

**32.**

Врз основа на член 9, став 3 од Законот за цивилните инвалиди од војната („Службен весник на СРМ" бр. 33/76, 25/79, 11/81, 4/85 и 12/89), претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика донесува

## НАРЕДБА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИОТ ИЗНОС НА ВИСИНАТА НА ЦИВИЛНАТА ИНВАЛИДНИНА НА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

1. Месечните износи на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната за месеците јануари, февруари и март 1991 година се определуваат од основата која се утврдува во висина на просечниот чист личен доход остварен во Републиката во претходното тримесечје од 3.800,00 динари и изнесуваат:

| | |
|---|---|
| I група | 1.900,00 динари |
| II група | 1.520,00 динари |
| III група | 1.216,00 динари |
| IV група | 950,00 динари |
| V група | 760,00 динари |

Износите на цивилните инвалиднини од точка 1 на оваа наредба ќе бидат усогласени по утврдувањето на остварениот просечен месечен чист личен доход во Републиката во периодот октомври — декември 1990 година објавен од страна на Републичкиот завод за статистика.

2. Месечните износи на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната за месеците октомври, ноември и декември 1990 година конечно се определуваат од основата која се утврдува на просечниот чист личен доход остварен во Републиката во периодот јули — септември 1990 година, од 3.319,00 динари и изнесуваат:

| | |
|---|---|
| I група | 1.659,50 динари |
| II група | 1.328,00 динари |
| III група | 1.062,00 динари |
| IV група | 830,00 динари |
| V група | 664,00 динари |

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 11-22
7 јануари 1991 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика,
д-р **Јанко Обочки,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје поднесена е тужба за развод на брак од тужителката Лидија Стефановска од Скопје, ул. „Роберт Кох" бр. 2/2-7, против тужениот Милован Стефановски од Скопје сега на привремена работа во НР Турција, со непозната адреса.

Се повикува тужениот Милован Стефановски да се јави во Општинскиот суд Скопје I — Скопје во рок од 30 дена по распишувањето на огласот или да одреди полномошник кој пред судот ќе ги штити неговите интереси. Во спротивно, по истекот на овој рок, на тужениот ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе го застапува пред судот до правосилното окончување на постапката.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XVIII П. бр. 3726/90. (2)

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за неосновано збогатување по тужбата на тужителот Југобанка, Скопје, против тужениот Матевски Јован, ул. „Огњан Прица" бр. 5, Скопје, сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот Матевски Јован да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење

Доколку тужениот не се јави во наведениот рок, на истиот ќе му биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II, Скопје, II П. бр. 937/90. (1)

---

Чековна карта под бр. 00649-0 и 7 чекови од бр. 13954—13960 издадени од Југобанка — Скопје и чековна карта издадена од Стопанска банка — Скопје, издадени на име Виолета Витановска, с. Марино — Скопје, се огласуваат за неважни. (35)

---

### СОДРЖИНА

Страна


26. Привремен деловник на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — 21
27. Одлука за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — 24
28. Одлука за избор на претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — — 24
29. Одлука за бројот и составот на Комисијата за уставни прашања на Собранието на СРМ — — — — — — — — — — — 24
30. Одлука за намена на приходите на Народната банка на Македонија остварени по основ на камати на кредити од примарна емисија — — — — — — — — — — — 24
31. Извештај на Републичката изборна комисија за резултатите на гласањето за избор на пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — 25
32. Наредба за определување на месечниот износ на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната — — 28


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов" бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Графичко-издавачко претпријатие „Гоце Делчев" — Скопје**